~ATA Карнет~

Идејата за АТА карнет се родила пред 40 години. АТА карнет претставува меѓународен царински документ, кој ширум светот се користи со цел за скратување, убрзување и олеснување на царинските процедури кои се применуваат кај привремениот увоз. Во 1961 година, со цел за олеснување и поттикнување на светската трговија, Светската царинска организација (WCO) ја усвоила „Конвенцијата за АТА карнети како привремени дозволи за увоз на роба". АТА кратенката настанала од англиските или француските зборови „Admission Temporaire/Temporary Admission". Конвенцијата покрива три категории на меѓународна стокова трговија, кои опфаќаат:

1. комерцијални мостри;
2. стока која се користи за презентација на саеми, изложби и слични случувања;
3. професионална опрема.

Ата карнет го издаваат и за него гарантираатнационалните организации на земјите членки и потписнички на АТА конвенцијата. Главен администратор на АТА карнет е Меѓународното биро на стопански комори (International Bureau of Chambers of Commerce – IBCC), кое е интегрален дел од Меѓународната стопанска комора во Париз (International Chamber of Commerce – ICC). Царинските администрации во преку 58 земји во светот го прифатиле АТА карнет како гаранција дека сите царини и такси ќе бидат платени ако стоката декласирана со АТА карнет не се користи во согласност со правилата за нејзино користење.

Во последните четириесет години АТА карнет станал широко прифатен како меѓународен царински документ, а според податоците од 1998. година, издадени се 194.986 АТА карнети кои го покривале привремениот увоз на вредности од скоро 12 милијарди долари.

Предности од користење на АТА карнет:

1. може неограничено да се користи како гаранција за привремен увоз;
2. вреди година дена од денот на издавање;
3. меѓународно е прифатен документ во преку 60 земји во светот;
4. го елиминире плаќањето на царини, давачки и даноци на додадена вредност (VAT) при привремен увоз и нивно враќање при враќањето на привремено увезената стока во странство;
5. ја поедноставува царинската процедура;
6. овозможува при привремениот извоз или увоз сите формалности да се извршат само со еден документ;
7. однапред се познати сите услови на привремениот увоз и извоз, така што полесно се склопуваат трговски договори;
8. ги смалува трошоците на царинските и увозно-извозните процедури;
9. го елиминира елементот на неизвесност кај царинските и увозно-извозните процедури.

АТА карнет се издава и гласи на сопственикот на стоката која привремено се извезива или увезува. Не може да гласи на шпедитерот или превозникот.

Можно е дефинитивно да се оцарини дел или цела количина на стоката која привремено се увезува или извезува. Доколку тоа не се направи на време во најголем број на земји покрај царини и такси се плаќаат и посебни пенали за закаснување.

АТА карнет овозможува два вида гаранции: гарантира покритие на вредноста на увозните давачки и претставува гаранција за самата стока. Како би се спречиле злоупотреби на АТА карнет од една страна, и за да се обезбедат државните администрации дека ќе ги наплатат соодветните давачки во случај на постапувања кои се спротивни на АТА конвенцијата, од друга страна, законодавствата на разни земји предвиделе и разни други обврски како за издавачот, така и за сопственикот на АТА карнет.

Цената на издавање на АТА карнет, нпр. во Соединетите Американски Држави е 0,75 долари за секои 100 долари вредност на стока.

АТА царинската гаранција покрива 25% од вредноста на стоката (максималната поединечна вредност на стоката излистана на АТА карнет не може да биде поголема од 1.000.000 долари), така што АТА гаранцијата ги покрива сите давачки до тој износ. Ова понекогаш претставува и проблем затоа што во некои земји увозните давачки се поголеми од 25% од вредноста на стоката. така што разликата мора да ја покрие сопственикот на стоката или увозникот.

Висината на покритието на вредноста на самата стока варира од земја до земја и од нивните надворешнотрговски прописи. Така на пример САД пропишуваат дека АТА карнет мора да покрие 40% од вредноста на стоката излистана на него, додека прописите на Израел и Кореа налагаат да се покрие 100% од вредноста на стоката.

Поедини земји го пропишуваат и самиот текст на гаранциите кои го придружуваат АТА карнет. Така на пример САД пропишале дека текстот на гаранциите мора да бидат идентични на текстот на гаранцијата на осигурителното s of London.’друштво Lloyd

Со обзир дека издавањето на АТА карнет претставува голема привилегија за компанијата на која е издаден, а истовремено на несовесните им дава можност за махинации за кои може да одговара и националната асоцијација која го издава АТА карнет, постојат и разни други услови, кои варираaат во законодавствата на разни земји, а кои мораат да се исполнат за да се добие АТА карнет (на пример: компанијата да се занимава со работи од надворешна трговија најмалку три години или вредноста на компанијата да не може да биде помала од двојна вредност на стоката излистана на АТА карнет или да постои во тој смисол гаранција од некоја друга институција, правно или дури во некои случаи и физичко лице,и слично.